## ПИСМО ДО АКЦИОНЕРИТЕ

## ОЦЕНКА ЗА РАБОТЕЊЕТО ВО 2015 ГОДИНА

Изминатата 2015 година, ја завршивме успешно и со добри резултати. Го исполнивме планот со зголемување од 27% над планираното а за 30% повеќе од претходната 2014 година.
Успешноста во реализацијата го пратеше и зголемен профит за 1,56% во однос на 2014 година.

## ШТО ПЛАНИРАВМЕ И ШТО РЕАЛИЗИРАВМЕ

### Реализација и профит

- Планот го реализиравме:
  На домашниот пазар 142% од планираното а 147% во однос на 2014 година, на странскиот пазар 107% од планираното а 108% во однос на 2014 година
- Вкупната продажба на домашен и странски пазар беше 5.458.109 евра или реализацијата беше 127% од планираната, а 130% во однос на 2014 година
- Домашниот пазар учествуваше со 64%, а странскиот со 36%.
- Добивката по оданочување е 249.295 евра или 4,48% од приходите, додека во 2014 год. беше 2,92% или 124.335 евра.

Реализацијата на домашен пазар беше поголема од планираната за 42% а на странскиот пазар за 7% поголема. Извозот е реализиран во Србија, Казакстан, Косово, Бугарија, Црна Гора, БиХ, Либија Шведска и Германија.
Пласман и оваа година немавме во Украина - економска и воена криза, Хрватска и Иран - економска криза, Албанија - немање претставник како и во Русија, поради големата инфлација падот на рубљата во однос на еврото и неконкурентноста на нашите производи на тој пазар.
Поради структурата на производите кои ги пласираме на пазарот и големата конкуренција и оваа година, бевме принудени на намалување на цените што повторно имаше влијание на профитот, но зголемената реализација овозможи да се оствари поголем профит од претходната 2014 година.

### Наплата и задолженост

Ликвидноста на домашниот пазар и на повеќето пазари во странство каде АДИНГ е присутен, оваа година беше подобра од претходната 2014 година.
Наплатата на домашен пазар е подобрена, во Србија исто така, но генерално таа и понатаму останува проблем кој ќе не прати и понатаму на нашите пазари.

Позитивна работа е што успеавме со подобрената наплата да немаме ново задолжување напротив, имавме враќање на обврски према банките од 501.111 евра и за тој износ ја намалиме кредитната задолженост.
Тоа овозможи АДИНГ да ја подобри ликвидноста и редовно да ги подмирува своите обврски што не беше случај и со нашите купувачи и покрај законот за финансиска дисциплина кој АДИНГ го почитуваше како малкуте фирми во Македонија.
Со намалување на кредитната задолженост добивме и подобра и помала камата кај нашата главна банка - Комерцијална Банка Скопје.

## Инвестициски вложувања

АДИНГ продолжи да инвестира и во 2015 год и тоа:

- За подобрување на технолошки линии, реконструкција на управна зграда,делови од фабриката и бетонска лабораторија -28.800 евра
- За опрема во Институтот и фабриката 38.270 евра
  или Вкупно 67.070 евра
- Во фабриката во Р. Бугарија 169.568 евра од кој 33.000 евра се средства на АДИНГ АД, а остатокот се средства на Адинг - Бугарија и нивен банкарски кредит.

Со инвестицијата во нашиот институт - бетонска лабораторија ја реализиравме планираната акредитација на бетонската лабораторија која ја добивме во септември 2015 година. Тоа значи дека со акредитираната лабораторија АДИНГ го подигна нивото на опременоста на лабораторијата а со тоа и контролата на производите со можност за давање на услуги и на надворешни фирми.

## Плати и стимулации

Платите во деловниот систем беа исплатувани редовно, со мало задоцнување од 10 до 15 дена, и со вредност на бодот према реализацијата, односно варијабилно спрема резултатите. Сите вработени во целиот деловен систем, добиваа топол оброк или надокнада, превоз, годишен регрес и други погодности според колективниот договор.

## ОРГАНИЗАЦИОНИ И КАДРОВСКИ ПРОМЕНИ

- Продолжено е со постоечката организациона поставеност
- Во Деловниот систем се примени 6 нови вработени

- дипл.инж.арх. - ИНВЕСТ -А
- градежен техничар - ИНВЕСТ А
- економски техничар - ИНВЕСТ А
- основно образование - ИНВЕСТ А
- ССО - ИНВЕСТ А
- ССО - АДИНГ

- Од деловниот систем заминати се осум вработени:

- еден починат - АДИНГ
- еден починат - ИНВЕСТ А
- еден инвалидска пензија - ИНВЕСТ -А
- двајца со спогодба - АДИНГ
- еден технолошки вишок - АДИНГ
- еден технолошки вишок - ИНВЕСТ А
- еден технолошки вишок - БИРО ПРОЕКТ

## АКЦИИ И НИВНО ДВИЖЕЊЕ

И во 2015 година, како и претходните неколку години, берзата мируваше, односно тргувањето беше сведено на минимум. Вкупно беа истргувани 5.711 акции со вкупен промет од 1.668.832,00 денари или 27.135 евра. Акциите се тргуваа на македонската берза и нивната цена се движеше од 250-375 денари по акција. АДИНГ АД во 2015 година откупи 67 сопствени акции согласно одлуката на Акционерско Собрание и на 31.12.2015 година имаше 10.209 акции.




## ОЦЕНКА ЗА ПОВРЗАНИТЕ ДРУШТВА

Сите поврзани друштва во Р. Македонија, БЦА, ИНВЕСТ А, БИРО ПРОЕКТ, АДИНГ - Бугарија и АДИНГ - Белград покажаа позитивни финансиски резултати.

## КАКО ПОЧНАВМЕ ВО 2016 ГОДИНА

- Почнавме оваа година со реален план како и во 2015 год. Планот за првите четири месеци е реализиран со 128% што е натфрлање за 28% повеќе од претходната 2015 година. На домашен пазар реализацијата е 135%, а извозот е 122% што е натфрлање за 28% во однос на 2015 година. Очекуваме во наредниот период да продолжиме со исполнувањето на планираната реализација. Нашето присуство на сите големи проекти во Р. Македонија, на повеќето поголеми проекти во Србија како и поголемите можности во Казакстан и Бугарија даваат надежи, но состојбата во Република Македонија како последица на политичката криза не загрижува и може да го доведе во голем ризик нашето успешно работење на домашен пазар со последици и на извозот.
- Со партнерите од Иран постигнатиот договор за отстапување на нашиот удел во заедничката фирма АДИНГ ШИМИ ПАРС тешко се реализира. Партнерите имаат финансиски проблеми и не го почитуваат постигнатиот договор. Очекуваме да ги разрешиме проблемите но тоа оди тешко и бавно.
- Во делот на фабриката приоритетно се завршуваат проектите "Магацин за запаливи материјали" и "Погонот за пастозни производи на база на растворувачи" кои треба да се во функција во текот на месец мај. А во тек се тековни инвестирања во производство, институтот и во Деловниот Систем.
- Инвестиција во АДИНГ Бугарија во проширување на локацијата за околу 1200м2 и постоечки обејкти ~380м2 веднаш до нашата постоечка фабрика е завршена од градежен аспект.
  Со зголемената површина и спојувањето на стариот и новиот објект и новата линија за прашкасти производи која треба да стартува до крај на месец мај ќе можеме да го зголемиме и прошириме производството, со што во иднина ќе можеме да одговориме со поголеми можности на Бугарскиот пазар и пошироко со произведени производи во земја од ЕУ.
- Од поврзаните друштва во првите четири месеци имаме добра реализација во АДИНГ - Белград и БЦ АДИНГ (направено е реорганизација на фирмата во дејноста - продажба на производи кои не се од Адинг-овата програма, туку на само странски и други бренд производи за градежништвото) и во Биро Проект со нешто помала но добра реализација. Инвест - А и АДИНГ - Бугарија се со помала реализација која треба да ја подобрат во наредниот период.
- Останува приоритет и оваа година, стандардизацијата на производите од производната програма со квалитет, конкурентност и комплетирање и ажурирање на техничката документација, почитувајќи ја законската и техничката регулатива како во АДИНГ така и на производите кои веќе се произведуваат и прашкастите кои ќе се произведуваат во АДИНГ - Бугарија.
- Нова мешалка во погонот за прашкасти производи во фабриката во Скопје

- Завршување на техничка линија за прашкасти производи во АДИНГ - Бугарија
- Можно обновување на застарениот возен парк
- Реконструкција и осовременување на лабораторијата бр. 3 за епоксидни и противпожарни производи
- Изработка на проект во делот на базно за модернизирање на линијата за течни производи

  Сакаме да веруваме дека политичката криза во Република Македонија нема да не спречи да очекуваме дека 2016 год ќе ја завршиме според планираното, верувајќи во сите Адинговци дека мотивот и лојалноста кон фирмата ќе биде гаранција за нашата иднина.

**Претседател на Управен Одбор и**
**Генерален Директор**
Благој Дончев дипл.град.инж.

Мај 2016 година